**201109923824**

## ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ

Врз основа на член 9 став 1а точка 8 и став 1в точка 2 и член 56 став 1 точка 3 од Законот за здравственото осигурување („Службен весник на Република Македонија" број 25/2000, 96/2000, 50/2001, 11/2002, 31/2003, 84/2005, 37/2006, 18/2007, 36/2007, 82/2008, 98/2008, 6/2009, 67/2009, 50/2010, 156/2010 и 53/2011), Управниот одбор на Фондот за здравствено осигурување на Македонија на седницата одржана на 4 јули 2011 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЛИСТАТА НА ЛЕКОВИ КОИ ПАЃААТ НА ТОВАР НА ФОНДОТ ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА

Член 1

Во Листата на лекови кои паѓаат на товар на Фондот за здравствено осигурување на Македонија („Службен весник на Република Македонија" број 102/07, 104/07, 151/07, 22/08, 100/2008, 95/2009, 131/2009, 44/2010, 171/2010, 61/2011 и 62/2011), во член 1, се вршат следните измени и дополнувања :

Кај АТС кодовите: G03GA01 -„ Chorionic gonadotropin (human i rekombinanten)** - инјекции СРЈ", G03GA02 -„ Human menopausal gonadotropin***-инјекции СРЈ", G03GA04 -„ Urofollitropin *** -инјекции СРЈ", G03GA05 -„ Follitropin alfa***-инјекции СРЈ", G03GA06 -„ Follitropin beta*** -инјекции СРЈ" во делот на индикациите по зборовите „АРТ до три обида за лекување на жена" се додаваат зборовите „по претходно спроведена постапка за БПО на товар на ФЗОМ".

Кај АТС кодот L01XC02 -„ Rituximab** – инјекции 100mg/10ml", и „ Rituximab** – инјекции 500mg/50ml", делот на индикациите се дополнува со следната индикација „најтешка форма на ревматоиден артрит ".

Кај АТС кодот L01XX28 -„ Imatinib* - филм обложени таблети 400mg ", делот на индикациите се дополнува со следната индикација „гастроинтестинален стромален тумор ГИСТ".

Член 2

Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија", а ќе се објави по добивањето на согласност од министерот за здравство.

Бр. 02-10378/14
4 јули 2011 година
Скопје

Управен одбор
Претседател,
**Ирфан Хоџа,** с.р.